Република Македонија
Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија

2014 - 2018

Скопје, септември 2013 година

# Содржина

А - Вовед и цели 3
Б - Приоритети 5
1. Правна рамка 5
Закон за јавните набавки 5
Подзаконски акти 6
Закон за концесии и јавно приватно партнерство 7
Други закони 7
Усогласување со законодавството на ЕУ 8
Национална рамка за јавни набавки 9
2. Институционална рамка 10
Биро за јавни набавки 10
Државна комисија за жалби по јавни набавки 11
Министерство за финансии 12
Министерство за економија 12
Државен завод за ревизија 12
Државна комисија за спречување на корупцијата 13
Комисија за заштита на конкуренцијата 13
Министерство за правда 13
Управен суд и Виш управен суд 14
3. Електронски јавни набавки 14
Унапредување на практиките за користење на ЕСЈН 15
Зголемување на безбедноста и стабилноста на ЕСЈН 16
Воведување нови алатки за електронски јавни набавки 16
4. Сертификација и обука 17
Специјализирана програма за обучувачи за системот за јавни набавки, високостручни експерти и вработени во БЈН 18
Програма за обука на лица за јавни набавки кај договорните органи 18
Обука за економски оператори во координација со стопанските комори, специјализирани програми за понудувачи 18
Формирање на Академија за обука за јавни набавки и годишно оценување на програмата за едукација 19
Зајакнување на капацитетите и знаењето преку водичи и прирачници на полето на концесиите и ЈПП и разработка и спроведување на специфична програма за едукација 19
5. Зајакнување на конкуренцијата 19
Биро за јавни набавки 20
Државна комисија за жалби по јавни набавки 20
Државен завод за ревизија 20
Комисија за заштита на конкуренцијата 20
6. Правна заштита 21
Мерки во однос на Државната комисија за жалби по јавни набавки 21
Мерки во однос на Управниот суд и Вишиот управен суд 22
7. Мерки за спречување корупција 23
Електронски систем за јавни набавки 23
Клаузула за спречување корупција 23
Водичи 24
В - Заклучок 25

# А - Вовед и цели

Јавните набавки имаат важна улога за правилен развој на пазарната економија и конкуренцијата. Важноста од здрав и стабилен систем на јавни набавки може да се види од обемот на истите како дел од вкупниот БДП на една земја. Така, во 2012 година во Република Македонија се доделени договори за јавни набавки во вкупна вредност од околу 56 милијарди денари, што претставува 12% од БДП.

Од таа причина, основните цели кои треба да се постигнат преку системот на јавните набавки се: транспарентност, отчетност, недискриминација, конкуренција и други основни начела кои се и понатаму основа на системот за јавни набавки, како и иновации, одржливост, предвид за социјалните и еколошките аспекти, енергетска ефикасност, итн. Транспарентноста, слободната конкуренција и правната сигурност во областа на јавните набавки го намалува вкупниот деловен ризик во Република Македонија со што оваа сфера станува привлечна и за странските деловни субјекти и инвеститори, што во иднина ќе има значаен ефект за економскиот развој на земјата.

Овој стратешки документ на Бирото за јавни набавки се состои од поглавја со цели, мерки и активности. Мерките се поделени во три категории - краткорочни (до 1 година), среднорочни (1 до 3 години) и долгорочни (3 до 5 години). Периодот на кој се однесува овој документ е 5 години, од 2014 до 2018 година.

### Мисија

Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: БЈН) пред себе има мисија да овозможи на Република Македонија сигурен и безбеден систем за јавни набавки кој ќе ги исполни сите барања за транспарентност, еднаков третман, отвореност и ќе биде официјалниот извор за стручни информации и совети за добри практики на јавните набавки. Со цел да го постигнеме ова, БЈН ќе ги развие капацитетите на своите луѓе и ќе продолжи сонегувањето на позитивните односи со своите колеги, соработници и деловната заедница.

### Цели

Една од целите на Владата на Република Македонија е да создаде ефикасна, професионална и стручна јавна администрација која ќе обезбеди квалитетни јавни услуги на граѓаните и која ќе одговори на сите предизвици во процесот на придружување кон Европската унија. Ефикасните јавни набавки претставуваат еден од основните предуслови за постигање на оваа цел. Процесот на планирање и спроведување на активностите кои ќе го приближат полето на јавни набавки во целост до споменатата цел е веќе отпочнат. Во натмошниот развој на системот на јавни набавки се планира постигање на следните цели:

- Професионализација на службениците за јавни набавки – тоа е долгорочен процес кој треба да резултира со поголема ефикасност на системот на јавните набавки, помалку грешки при практичното спроведување на постапките и врамнотежено поставување на условите и барањата во постапката со цел да се постигне најдобра вредност за парите за време на целиот употребен век на предметот на набавка.
- Иновации - јавните набавки, како голем дел од вкупната потрошувачка, може да бидат силен инструмент во функција на поттикување на иновациите во поглед на изнаоѓање нови технологии кои ќе бидат еколошки и поефикасни во користењето на енергенсите и слично. Јавните набавки се дел од Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012 – 2020 година.
- Целосна интеграција и координација на системот на јавните набавки. Процесот на интеграција може да се види од постојните трендови за усогласување на правната рамка за концесии и ЈПП и нејзино приклучување кон прописите што ги уредуваат јавните набавки. Во тој проце е клучна координацијата на активностите на различните институции и усогласен пристап кон системот на јавните набавки од сите фактори во земјата. Улогата на јавните набавки во рамки на договорните органи доби ново значење – резултат на тоа е да се купува попаметно, да се троши помалку и да се соработува со други договорни органи при набавувањето.

# Б - Приоритети

## *1. Правна рамка*

Правната рамка на јавните набавки во Република Македонија се состои од Законот за јавните набавки со сите подзаконски акти што произлегуваат од него. Исто така, големо влијание имаат и бројни други материјални прописи кои уредуваат различни аспекти од економијата и правото, имајќи предвид дека јавните набавки претставуваат мултидисциплинарна област која има допирни точки со многу други области. Тука треба да се споменат прописите со кои се уредуваат облигационите односи, управното право, кривичното право и постапка, прописите од областа на заштита на конкуренцијата и борбата против корпцијата. Во поширока смисла во опфат на правната рамка влегуваат и прописите со кои се уредуваат различни аспекти од предметот на набавка, како што се прописите за градење кои влијаат врз постапките за доделување договори за градежни работи и слично.

### Закон за јавните набавки

Законот за јавните набавки беше усвоен на крајот од 2007 година, а во сила влезе од 1 јануари 2008 година. Во изминатиов период беа донесени неколку измени и дополнувања на истиот.Во меѓувреме се донесоа и сите подзаконски акти кои беа предвидени со законот, со што навремено се заокружи правната рамка за јавни набавки.

Цел на Законот за јавните набавки е да обезбеди конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на јавните средства во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Со законот се опфатени сите прашања од областа на јавните набавки што се поврзани со начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки како надлежен државен орган за следење на реализацијата на јавните набавки, надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапката за доделување на договори за јавни набавки. Со други зборови, предмет на уредување на ЗЈН е глобалната политика на јавните набавки, преку поставување институционални услови за поголема објективност, транспарентност и законитост во управувањето со јавните набавки, одговорноста на надлежните органи за спроведување на постапките за доделување на договори за јавните набавки и прашањата во врска со правната заштита во постапката на доделување договори за јавни набавки.

Со измените и дополнувањата на законот изминатите години се воведоа бројни новини во делот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки, задолжителна сертификација на службениците што работат на ова поле и ред други системски мерки.

Сепак, постои простор за натамошно унапредување на Законот за јавните набавки со новите европски прописи кои треба да се транспонираат во истиот, како на пример Директивата за набавки од областа на одбраната и безбедноста. Исто така, потребна е анализа на ефектите на некои од инструментите што беа воведени со претходните измени и дополнувања на законот, како на пример негативните референци и ефектот на задолжителните електронски аукции.

## Подзаконски акти

Системот за јавните набавки, покрај со Законот за јавните набавки се доуредува и со повеќе подзаконски акти:

- Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи;
- Уредба за Општиот поимник за јавни набавки;
- Уредба за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги;
- Уредба за видовите на активности на градење кои се предмет на договорите за јавни набавки на работи;
- Правилник за начин на користење на електронски систем за јавни набавки;
- Правилник за форма, содржина, како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки;
- Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки;
- Правилник за содржина на тендерската документација;
- Правилник за постапката на отворањето на понудите и образецот за водење на записник за отворањето на понудите;
- Правилник за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка;
- Правилник за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденција на постапките со барање за прибирање на понудите;
- Правилник за формата и содржината на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки
- Кодекс на однесување при спроведување на јавните набавки;
- Тарифник за висината на надоместоците за користење на Електронскиот систем за јавни набавки;

– Правилник за формата и содржината на известувањето на кандидатите односно понудувачите за одлуките во врска со извршената претквалификација, доделувањето на договорот за јавна набавка, склучувањето на рамковната спогодба или поништувањето на постапката за доделување на договорот;

– Правилник за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата и

– Правилник за форма и содржината на образецот на огласот за воспоставување квалификациски систем.

## Закон за концесии и јавно приватно партнерство

Со Законот за концесии и јавно приватно партнерство се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Целта на овој закон е да овозможи ангажирање за финансирање на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство врз основа на начелата на еднаквост, транспарентност, недискриминација, пропорционалност, меѓусебно признавање, заштита на животната средина и ефикасност во постапката за склучување на договор за концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите од склучениот договор за концесија и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Досегашната поставеност на концесиите  одделлно од системот на јавните набавки се покажа како слабост имајќи предвид дека договорите за концесии за јавни услуги и работи се дел од системот на јавните набавки на ниво на ЕУ, како и фактот дека истите се дел од Поглавје 5 – јавни набавки. Од тие причини, потребно е да се подобри координацијата помеѓу надлежните институции во двете области и да се разгледа можноста од нивно интегрирање на подолг рок.

## Други закони

Покрај горенаведените закони, правната рамка опфаќа и други закони кои се поврзани со јавните набавки. Меѓу нив може да се издвојат:

1. Закон за буџетите и законите за извршување на буџетите;

2. Закон за јавен долг;
3. Закон за спречување на корупцијата;
4. Закон за спречување на судир на интереси;
5. Кривичен законик на Република Македонија;
6. Закон за заштита на конкуренција;
7. Закон за јавните претпријатија;
8. Закон за државната ревизија и
9. Закон за облигационите односи.

## Усогласување со законодавството на ЕУ

Правото за јавни набавки во ЕУ, како и насекаде во светот, е динамично и постојано се подобрува. Република Македонија, како идна земја членка на ЕУ, ќе ги прифати новините што произлегуваат од правото на ЕУ и добрата меѓународна пракса. Тоа вклучува транспонирање на веќе донесените директиви кои се поврзани со системот на јавните набавки, како и на новите директиви кои се најавуваат од страна на ЕУ.

Во 2011 година СИГМА изработи детална компаративна анализа (Peer Review) на системот на јавните набавки во Република Македонија. Наодите на оваа анализа беа охрабрувачки, а многу ќе помогнат да се идентификуваат областите каде треба дополнително да се работи за да се постигнат европските стандарди и да се имплементираат европското право и практики за јавни набавки.

Република Македонија треба да ја транспонира Директивата за набавки во одбраната и безбедноста 2009/81/ЕС. Имајќи предвид дека оваа Директива се однесува на ограничен број на корисници, најдобриот начин на усвојување се чини дека е посебен закон. Потребна ќе биде интензивна соработка со институциите што вршат ваков вид на набавки, а особено со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Исто така, треба да се транспонира Директивата 2009/33/ЕС за промовирање на чисти и енергетски ефикасни патни товарни возила. При процесот на транспонирање на оваа директива ќе биде потребна интензивна соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Имајќи предвид дека Директивата за правна заштита 66/2007/ЕС не е целосно транспонирана (доменот на ништовност и роковите), неопходна е понатамошна анализа на ЗЈН со цел да се направи негово дополнително изменување во релевантните делови. Се предвидува тесна соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Во рамки на процесот на подготовки на Република Македонија за отпочнување пристапни преговори за членство во ЕУ, Република Македонија формираше работни групи за секое поглавје, вклучително и за Поглавје 5 кое ги опфаќа

јавните набавки и концесиите. Раководител на ова поглавје е Бирото за јавни набавки. Бирото, исто така, учествува на состаноците на Советодавниот комитет за јавни набавки и неговите работни групи, каде се разгледуваат тековните состојби со јавните набавки во земјите членки и новите законодавни иницијативи на ниво на ЕУ.

Европската унија најавува потемелна реформа на европските прописи за јавни набавки со донесување на нов пакет директиви до крајот на 2013 година. Овој пакет ќе ги замени двете основни директиви од 2004 година. Така, на подолг рок се планира усогласување на прописите за јавни набавки на Република Македонија со оваа нова правна рамка на ЕУ.

## Национална рамка за јавни набавки

Република Македонија постојано ќе го унапредува националниот систем за јавни набавки со решенија кои не произлегуваат само од правото за јавни набавки на ЕУ, туку и од добрата домашна и меѓународна пракса.

Потребно е зајакнување на системот на концесии и ЈПП за да може на деловната заедница да и се обезбедат дополнителни можности за вложувања и кои за последица ќе имаат зголемување на буџетските приходи и повеќекратни позитивни економски ефекти.

Потребна е и рационализација и поедноставување на потребната документација за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки. Од таа причина треба да се разгледаат различните можности и алтернативи за постигање на оваа цел. Тоа може да вклучува намалување на бројот на документи, проширување на функционалноста „профил на економскиот оператор“ во кој ќе се чуваат потребните документи за учество во електронска форма, електронско поврзување на ЕСЈН со соодветните регистри на Централниот регистар на РМ (постигање интероперабилност на двата системи) и слично.

Досегашното искуство покажа дека недостасуваат одредени правила за фазата на реализација на договорите за јавни набавки. На договорните органи им се потребни одредени насоки како да управуваат со склучените договори, кој во рамки на договорниот орган треба да ја врши оваа функција, како да се справуваат со ризиците што произлегуваат од реализацијата на договорот, како да се однесуваат со носителите на набавки, дали и во која мера може да ги менуваат условите на договорите и слично. Потребна е анализа на странските искуства на ова поле за да се изготват јасни насоки за решавање на ова прашање.

Во оваа насока БЈН ќе го анализира прашањето за пропишување стандардни услови на договорите за јавни набавки земајќи ги предвид странските искуства, особено во делот на градежните работи. Потребни се натамошни консултации со претставниците на стопанските комори.

## *2. Институционална рамка*

Институционалната рамка за јавни набавки во Република Македонија опфаќа повеќе институции и тела кои може да се групираат во две групи: институции со клучни надлежности во јавните набавки и институции кои покрај останатите активности имаат надлежности што задираат во системот на јавните набавки. Во првата група институции се:

- Бирото за јавни набавки и
- Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Во втората група институции влегуваат:

- Министерство за финансии;
- Министерство за економија;
- Државен завод за ревизија;
- Државна комисија за спречување на корупцијата;
- Комисија за заштита на конкуренцијата;
- Министерство за правда;
- Управен суд и Виш управен суд.

Цел на овој документ во рамките на институционалната рамка за јавни набавки и концесии е унапредување на соработката меѓу субјектите кои имаат овластувања на ова поле, како и зајакнување на поединечните капацитети и овластувања.

Покрај на наведените институции, значајна улога во системот на јавните набавки имаат и основните судови, јавните обвинителства, државното правобрантелство и одделенијата за јавна внатрешна финансиска контрола кај договорните органи. Имајќи предвид дека за целосното уредување на системот на јавните набавки е неопходна измена на некои прописи кои се надлежност на други институции, очигледно е дека координацијата во работата на институциите е од клучно значење за успешно функционирање на системот на јавните набавки.

### Биро за јавни набавки

Бирото за јавни набавки како најзначајна институција, во рамките на своите надлежности се грижи за системот на јавните набавки преку иницирање предлози за донесување на законски и други акти од областа на јавните набавки, следење и анализирање на спроведувањето на законот и другите прописи за јавни набавки, организирање едукација за јавни набавки, одржување и развој на Електронскиот систем за јавни набавки, координирање на меѓународната соработка во полето на јавните набавки и преку други надлежности утврдени со законот. Бирото има значајна улога во процесот на приближување на државата во ЕУ и обврските кои произлегуваат од овој процес, односно транспонирање на релевантните прописи

за јавни набавки на ЕУ во националното законодавство. Тоа има клучна улога во координирање на активностите во поглавје 5 од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА). Истовремено, Бирото е носител на работната група за јавни набавки која во наредниот период треба да ги подготви преговарачките позиции за поглавјето 5. Во поширокото поле на меѓународни односи како и учење од искуствата на меѓународната заедница, законот утврдува различни обврски на Бирото, особено во однос на собирање и евалуација на најдобрата пракса на други земји и пренесување на истите во Република Македонија.

Покрај тоа, Бирото се грижи за функционирањето на системот на јавните набавки преку иницирање промени во законските и во подзаконските акти за подобрување на системот на јавните набавки, дава мислења во врска со одредбите и примената на овој закон, обезбедува совети и дава помош на договорните органи и на економските оператори.

Бирото претставува и централно тело каде се сливаат сите податоци во однос на спроведените постапки за доделување на договори за јавни набавки на национално ниво. Со оваа своја надлежност Бирото директно ја поттикнува транспарентноста и конкуренцијата, бидејќи ги прави достапни овие податоци до сите заинтересирани страни без какви било ограничувања. Конкретно, на ЕСЈН се објавуваат сите огласи како и евиденцијата на склучените договори за јавни набавки. Овие податоци претставуваат силен инструмент за изготвување на детални статистички извештаи и нивна анализа, која пак се користи за утврдување на понатамошните мерки за унапредување на системот за јавните набавки.

Во овој контекст важно е постојано да се зајакнуваат капацитетите на БЈН. Ова поконкретно значи дека не треба само да биде зголемен бројот на вработените, туку и дека треба главно да се подобруваат и постојано да се обновуваат индивидуалните вештини на вработените, како и да се развијат политики за задржување на постојниот обучен и професионален кадар.

Неопходно е постојано промовирање на напредни средства за комуникација за олеснување на пристапот на договорните органи и економските оператори до информациите на БЈН.

## Државна комисија за жалби по јавни набавки

Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за решавање на жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки пропишани со Законот за јавните набавки, како и на жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство уредени согласно со закон. Државната комисија е самостоен државен орган со својство на правно лице која обезбедува правна заштита врз основа на принципите на законитост, ефикасност, економичност и контрадикторност на постапката, а се со цел да придонесе кон

засилување на целокупниот систем на јавни набавки, преку квалитетна и транспарентна работа.

Мисијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки е да обезбеди брза, објективна и ефикасна правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство. Оваа своја мисија Државната комисија ја остварува, пред се, преку спроведување на Законот за јавните набавки, при што се потврдува дека тој е реално и практично остварлив, во чекор со современите потреби и реформските текови во Република Македонија. Поради наведеното потребно е Државната комисија за жалби по јавни набавки постојано да ги зајакнува, развива и одржува човечките ресурси.

## Министерство за финансии

Министерството за финансии е орган на државната управа, во чиј состав согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа, меѓу другите институции спаѓа и Бирото за јавните набавки.

Важноста на Министерството за финансии за системот на јавните набавки не се гледа само преку неговата улога за креирање и извршување на буџетот, туку и фактот дека министерството е предлагач на законските прописи од областа на јавните набавки. Така, иако Бирото за јави набавки ја има главната улога во практичното изготвување на прописите, министерството е предлагач пред Владата на Република Македонија.

## Министерство за економија

Министерството за економија како надлежна институција согласно закон во областа на јавно приватно партнерство се грижи за развојот на системот на јавно приватно партнерство преку изготвување предлози за донесување на законски и други акти и нивни измени од областа на јавно приватно партнерство, следење и анализирање и давање стручна помош и мислење во делот на спроведување на постапките. Министерството за економија има значајна улога во процесот на приближување на државата во ЕУ и обврските кои произлегуваат од овој процес, односно имплементација на релевантните прописи за концесии и јавно приватно партнерство на ЕУ во националното законодавство и во таа насока ги следи, анализира и проучува актуелните европски и светски тенденции, знаења и искуства во оваа област.

## Државен завод за ревизија

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција во Република Македонија, чија цел е навремено и објективно да го информира Собранието на Република Македонија, Владата и другите носители на јавни функции за наодите од спроведените ревизии.

ДЗР врши ревизија на регуларност и ревизија на успешност. При вршењето на ревизија на регуларност, покрај останатото, ревизорските тимови вршат и

испитување и оценка на користењето на средствата согласно законските прописи. Во тие рамки се врши увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во периодот за кој се врши ревизија.

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Државната комисија за спречување на корупцијата ги остварува своите законски надлежности во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси во рамките на законите и со алатките што и се ставени на располагање, работејќи напоредно и на планот на превенцијата и на полето на репресијата на општествено штетните однесувања што се составен дел на корупцијата како општествен проблем.

Ценејќи ја посебната важност на меѓуинституционалната соработка како услов за ефикасна борба против корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата во 2007 година потпиша Протокол за соработка меѓу 17 институции со надлежности на полето на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, кој се покажа како корисна алатка за брза размена на информации и документи со што се придонесе за ажурирање на постапувањето на вклучените институции, а кој овозможува јакнење на непосредната соработка преку заедничка работа врз специфични и посложени случаи на корупција, меѓусебна стручна помош и заеднички настап во измената на регулативата од надлежност на соодветните институции. Бирото за јавни набавки е исто така потписник на овој протокол.

Во рамки на соработката воспоставена со овој Меморандум, Бирото за јавни набавки беше активно вклучено при изготвување на Програмите на ДКСК за спречување на корупцијата и на судирот на интереси.

## Комисија за заштита на конкуренцијата

Комисијата за заштита на конкуренцијата е одговорна за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата. Комисијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамките на надлежностите определени со законот.

Основни надлежности на Комисијата за заштита на конкуренцијата се да ја контролира примената на одредбите и прописите донесени врз основа на Законот за заштита на конкуренцијата, да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција, да води постапки и да донесува одлуки согласно одредбите од законот.

## Министерство за правда

Министерството за правда како орган на државната управа е надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежно.

Од аспект на јавните набавки, Министерството за правда е значајно поради фактот што е предлагач на неколку клучни поврзани законски прописи, како што е Законот за облигационите односи, законите од областа на спречување на корупцијата, законите со кои се уредува судскиот систем, а особено судовите што решаваат управни работи и слично.

### Управен суд и Виш управен суд

Управниот суд како еден од носителите на судската власт во судскиот систем на Република Македонија, кој судската власт ја врши на целата територија на РМ, е основан согласно со Законот за судови („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06), а започна со работа на 05.12.2007 година.

Управниот суд, заради обезбедување на судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, во управните спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка.

Согласно Законот за управни спорови, Вишиот управен суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен. Обезбедува двостепеноста на постапката. На тој начин ја исполнува и уставната гаранција за право на жалба за секоја одлука на суд.

Вишиот управен суд, претставува новоформиран суд, кој согласно со Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 35/08 и 150/2010) се основа и ја врши судската власт на целата територија на Република Македонија.

## *3. Електронски јавни набавки*

Стратегиското значење на електронските јавни набавки (е-набавки) може да се резимира врз основа на влијанието или придобивките кои може да се добијат од:

- Поедноставување на постапката,
- Зголемување на конкуренцијата,
- Поголеми заштеди во човечки и финансиски ресурси.

Следејќи ги стратешките определби на Владата на Република Македонија за зголемување на користењето на информатички технологии во работењето на органите на државната управа, во 2006 година беше пуштен во употреба ЕСЈН како апликација за електронско поднесување понуди. На почетокот истиот се користеше само кај неколку договорни органи како пилот проект, но со тек на време неговиот опфат се прошири на сите договорни органи. Со донесувањето на постојниот Закон за јавните набавки, од 2008 година започна да се користи и веб

информацискиот систем кој го изработи Бирото за објавување на огласите и известувањата за јавни набавки, со што се зголеми опфатот на информатичките технологии во јавните набавки. Истовремено, ЕСЈН се надгради со модул за е-аукции. Во 2010 година се интегрираа овие два системи во единствен интегриран ЕСЈН што претставуваше важен чекор напред. Владата беше решена да ја зголеми употребата на е-аукциите по што се интервенираше во законот и се воведе постепено задолжително користење на аукциите во сите постапки каде е тоа можно.

Во 2012 година, од податоците за спроведени аукции, може да се заклучи дека во Република Македонија е остварена просечна заштеда од 13% или апсолутна заштеда од 2.680.501.017,00 денари, или преку 43 милиони евра сметано како разлика помеѓу почетната цена на е-аукција (најниската цена од сите понуди кои се претходно евалуирани) и крајната цена на е-аукцијата, односно вредноста на склучениот договор кај аукциите со критериум најниска цена, додека кај аукциите со критериум економски најповолна понуда сметано како разлика од сопствената почетна цена и цената на аукцијата на понудувачот со најповолна понуда[1].

Платформата за е-набавки во Република Македонија веќе претставува многу напреднат и сложен систем. ЕСЈН е веб - базирана платформа за јавни набавки која е едноставна за користење и која ги покрива сите фази пред доделувањето на договорот (е-оглас, е-пристап, е-понуди, вклучувајќи и е-потпис, е-евалуација, е-аукција, е-избор). Станува збор за напредна платформа за јавни набавки која е добро спроведена и која нуди функционалности кои се едноставни за користење и кои ги поддржуваат корисниците. Поради тоа што огласите се структурирани според европските стандарди, ќе биде лесно да се прошират за тие да бидат целосно усогласени.[2]

## Унапредување на практиките за користење на ЕСЈН

Праксата покажува дека електронската достапност на тендерската документација овозможува големи придобивки, како за економските оператори, така и за договорните органи. Економските оператори имаат лесен и брз пристап до тендерските документи во електронска форма, додека договорните органи не мора да трошат човечки ресурси и време за испраќање на тендерската документација до заинтерсираните економски оператори. Од тие причини целта е да се зголеми користењето на можноста која ја обезбедува ЕСЈН за прикачување и преземање на тендерската документација.

Имајќи ги предвид трендовите за спроведување електронски постапки, како и придобивките од нивното спроведување, како од страна на договорните органи, така и од страна на економските оператори, ќе се разгледа можноста од постепено задолжително користење електронски постапки.

[1] Годишен извештај на БЈН за 2012 година.
[2] Краен извештај, компонента 5, Акт. 5.1. "Анализа на постојната платформа за е-набавки" 2012

Анализа на ефектите и заштедите од спроведување на електронските аукции, достапност на тендерската документација, поднесување на електронски понуди како и анализа на корисноста и придобивките од воведување на нови алатки и надградба на електронскиот систем за јавни набавки.

## Зголемување на безбедноста и стабилноста на ЕСЈН

*Хардверски и софтверски надградби на ЕСЈН.* Во текот на наредниот период за развој на Електронскиот систем за јавни набавки се предвидува реализација на поставување на системот и на друга страна (other side) со цел да се зголеми доверливоста и стабилноста на ЕСЈН. Ова значи дека е потребно да се хостира системот во облак (cloud). Со ова би се постигнала поголема редудантност на самиот систем и би се запазиле светските стандарди и норми за ваков тип на динамични апликации. Предвидено е да се изврши и бебедносна ревизија на ЕСЈН со што би се откриле потенцијалните слабости и пропусти во безбедноста на апликацијата.

Во поглед на набавка на хардверка опрема се предвидува набавка на систем за складирање и зачувување на податоците со што ќе се зголеми сигурноста во чувањето на податоците кои што се чуваат на системот. Освен системот за складирање ќе се изврши набавка на надворешен уред за бекапирање на податоците коишто ќе се бекапираат и чуваат на безбедна локација. Во зависност од зголемување на користењето на системот и подобрување и зголемување на перформанските на самата апликација во одреден момент ќе биде потребно и да се замени старата хардверска инфраструктура со нова (пред се се мисли на промена на серверите и мрежната инфраструктура со која што комуницираат серверите помеѓу себе).

*ИТ безбедносна ревизија.* Потребно е да се обезбеди високо ниво на квалитет, безбедност и високо ниво на достапност на ЕСЈН. Оваа активност треба да се реализира откако ЕСЈН ќе биде надграден, но и потоа.

## Воведување нови алатки за електронски јавни набавки

*Динамички систем на купување / Електронски каталози.* Динамичните системи на купување и електронските каталози претставуваат опционална алатка предвидена со директивите за јавни набавки на ЕУ. Истите би можеле да бидат мошне корисни при централизирање на одредени сегменти од системот на јавните набавки, односно воведување централни набавки на одредено ниво или опфат на набавки. Имајќи го предвид претходно наведеното, воведувањето на овие алатки во голема мера ќе зависи од политиките и степенот на централизација.

*Електронско фактурирање / е-плаќање.* Ова претставува крајната фаза од процесот на јавни набавки и соодветно на тоа треба да се имплементира во ЕСЈН откако претходно ќе бидат имплементирани сите претходни чекори. Оваа мерка треба да се разгледа на долг рок.

Неопходни чекори:

- Анализа на постојните трансакции
- Економичност на мерките
- Имплементација од технички и финансиски аспект.

## *4. Сертификација и обука*

Заокружување на правната рамка претставува само првиот чекор за постигнување на целите на ефикасен систем на јавни набавки, но Бирото не дозволи Република Македонија да ја направи грешката што ја имаат сторено многу други држави и да запре тука. Напротив, Бирото уште на самиот почеток од своето постоење ја препозна потребата од преземање цела низа системски мерки за обезбедување правилна примена на прописите, бидејќи без соодветна институционална и оперативна поддршка, законските норми може никогаш да не заживеат во пракса. Од тие причини, уште во 2010 година, Бирото започна со спроведување на програма за едукација за јавни набавки, откако претходната година спроведе сеопфатна обука за обучувачи и сертифицираше околу 50 обучувачи во соработка со УСАИД. Програмата и целиот концепт на едукација постојано се развиваше и прилагодуваше на потребите, а во 2011 година Владата на РМ го прифати предлогот на Бирото за воведување целосна и задолжителна сертификација на службениците за јавни набавки, што започна да се применува од 2012 година.

Поставената цел - професионализација и јакнење на стручниот кадар од областа на јавните набавки има важна улога за подобрување на ефикасноста на целокупниот систем на јавни набавки во Република Македонија. Сепак, професионализацијата и јакнењето на капацитетот на специјализираниот стручен кадар не се ограничува само на обуки и истражување на потребите од стручно доусовршување, туку остварувањето на оваа функција обезбедува многу поширок пристап и предизвик. Цел на професионализацијата е преку оспособување и стручно усовршување на лицата кои работат во полето на јавните набавки да се подобри спроведувањето на регулативата за јавни набавки.

Во насока на стекнување со нови искуства и зголемена меѓународна активност на полето на едукацијата, Бирото учествуваше во реализација на Регионалниот ИПА Проект за обука за јавни набавки во земјите од Западен Балкан и Турција, финансиран со средства од ЕУ. Проектот продуцираше цел сет на материјали кои беа локализирани и преведени на македонски јазик, а посебните модули за обучувачи ги следеја 20 лица од Република Македонија, заедно со претставници од другите земји учеснички во проектот. Бирото ја претставува Република Македонија и во Управниот комитет на проектот кој заврши во месец јуни 2013 година.

Програмата за сертификација е уредена со Правилникот за програмата за едукација. Правилникот исто така содржи одредби за програмата за обука на

обучувачи и за формата и содржината на потврдите. За да се постигне целосна професионализација и оструучување на лицата за јавни набавки, службениците и договорните органи, изготвена е структура на квалификации на лицата за јавни набавки. Придобивка од програмата е воспоставувањето на јасни и единствени стандарди за квалификација и сертификација. Главни целни групи на програмата за обука и сертификација се следниве:

- Обучувачи, високостручни експерти и вработени во БЈН,
- Договорни органи и службеници,
- Економски оператори.

Во зависност од целните групи, едукацијата се заснована следните три нивоа:

## Специјализирана програма за обучувачи за системот за јавни набавки, високостручни експерти и вработени во БЈН

Целта на ваквата специјализирана програма е да се добијат високо стручни и професионални обучувачи кои ќе ја спроведуваат едукацијата за јавни набавки за договорни органи и економски оператори. Бирото, односно планираната Академија за обука, ќе одлучува за потребата од спроведување на едукација според оваа специјализирана програма, во зависност од бројот на обучувачи што се наоѓаат на листата на обучувачи.

## Програма за обука на лица за јавни набавки кај договорните органи

Едукацијата во однос на спроведувањето на Законот за јавни набавки започна веднаш по неговото усвојување. Во иднина, тука би требало да се вклучи и аспектот на концесиите и јавните - приватни партнерства. Со Законот за јавните набавки се воведува обврска за задолжителна сертификација на лицата за јавни набавки кај договорните органи. Ова се прави со цел да се зголемат капацитетите за примена на законот во јавниот сектор и да се намалат грешките при спроведувањето на постапките за доделување јавни набавки.

## Обука за економски оператори во координација со стопанските комори, специјализирани програми за понудувачи

Ќе се реализираат специјализирани обуки за економските оператори согласно со програмата за обука на економски оператори. Кај овие субјекти не е задолжителна сертификацијата, но целта е сепак да се остави можност економските оператори преку овие обуки да ги зајакнат своите капацитети за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки. Во овој процес може да се вклучат и стопанските комори.

### Формирање на Академија за обука за јавни набавки и годишно оценување на програмата за едукација

Се планира професионалната едукација и сертификација да се организира и спроведува од страна на Академија за обука за јавни набавкикако организациска единица на Бирото за јавни набавки (БЈН). Воспоставувањето на овој посебен организациски облик ќе овозможи полесна оперативна организација на обуките и целосно фокусирање на лицата од академијата на остварување на нејзината основна дејност, што во нејзино отсуство мора да се задоволи со постојните ресурси на Бирото кои се фокусирани и на други активности.

При работењето на академијата би можело да се оствари поблиска соработка со научно – истражувачка заедница и со високо – образовните институции Придобивка од ваквата соработка би можело да биде поголемото влијание на темите поврзани со јавните набавки на универзитетско ниво со цел да се регрутира квалификуван персонал за јавни набавки, подобра видливост во јавноста и соодветен деловен модел за финансирање на Академијата за обука за јавни набавки. Дополнително, придонес од соработката би било искористување на научно – истражувачките трудови кои произлегуваат од работењето на истите. Бирото би можело активно да се вклучи во одредени научно – истражувачки проекти поврзани со јавните набавки.

Формирањето на ваква академија во рамки на организациската структура на Бирото ќе овозможи оптимално и ефикасно извршување на законски предвидените надлежности на Бирото при организирање и спроведување на едукацијата за јавни набавки.

### Зајакнување на капацитетите и знаењето преку водичи и прирачници на полето на концесиите и ЈПП и разработка и спроведување на специфична програма за едукација

Во поглед на новата законска рамка за концесии и јавни - приватни партнерства, се планира изготвување на Водич за концесии и Водич за јавни - приватни партнерства. Покрај тоа, се планира да се разработи и да се отпочне со реализација на посебна програма за едукација во соработка со Министерството за економија.

## *5. Зајакнување на конкуренцијата*

Конкуренцијата кај договорите за јавни набавки може да биде зајакната главно преку овие институции:

- Биро за јавни набавки,
- Државна комисија за жалби по јавни набавки,
- Државен завод за ревизија,
- Комисија за заштита на конкуренцијата.

## Биро за јавни набавки

БЈН може да придонесе со размена на информации и техники за тоа како да се разоткријат картели во јавните набавки во соработка со Државната комисија за заштита на конкуренцијата.

Понатаму, БЈН треба да ги анализира годишните извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки и да ги направи потребните измени кон Законот за јавни набавки за зајакнување на аспектот на конкуренцијата.

Исто така, треба да биде издаден водич за економските оператори за тоа како можат да се жалат против незаконското однесување на договорните органи во такви случаи.

## Државна комисија за жалби по јавни набавки

Државната комисија за жалби по јавни набавки остварувајќи ја својата функција во системот на јавните набавки, има за цел да ги отстрани незаконските ограничувања на слободната конкуренција во целиот процес на спроведување на јавните набавки, а во смисла на непропорционални барања и услови во тендерската документација за квалификација на економските оператори во постапките, понатаму, дефинирање на технички спецификации во корист на еден или група економски оператори и слично. Во годишниот извештај Државната комисија редовно ги наведува своите забелешки и сугестии за натамошно подобрување и надградување на системот за јави набавки во Република Македонија.

Потребно е натамошно јакнење на материјално – кадровските услови за поефикасна работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки со оглед на нејзините надлежности во областа на правната заштита во постапките за јавни набавки и концесиите  јавно приватно партнерство. Тоа подразбира  кадровско доекипирање како Државната комисија за жалби по јавни набавки би работела непречено на новододелените надлежности. За таа цел е неопходно зголемување на  Буџетот во делот наменет за едукација од областа на концесиите и јавното – приватно партнерство.

## Државен завод за ревизија

Заводот треба да се фокусира на откривање пречки во постапките за доделување договори за јавни набавки по склучувањето на договорот. Во релевантните случаи треба да ја извести Државната комисија за заштита на конкуренцијата што е можно порано.

## Комисија за заштита на конкуренцијата

Комисијата треба понатаму да го анализира сопственото искуство (со фармацевтската индустрија) или странското успешно искуство за борба против картели на ова поле. Може да биде корисно користењето на базата на податоци на

БЈН за добивање докази. Исто така, Комисијата, во соработка со Бирото за јавни набавки треба да издаде водич за разоткривање на незаконските договарања кај јавните набавки.

## *6. Правна заштита*

Државната комисија е основана со цел да решава жалби изјавени во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и ЈПП, односно за подобрување на целокупниот систем за јавни набавки во Република Македонија и обезбедување на ефикасен систем на правна заштита. Постапките за доделување на договори за јавни набавки се засноваат на сложена и строга законска процедура. Поради сета оваа сложеност на постапките, а особено нејзината поврзаност со трошењето на јавните средства, од суштествено значење за развојот на целиот систем на јавните набавки е целиот процес на донесување на одлуки на Државната комисија да трае што е можно пократко.

Правната заштита во постапките за доделување договори за јавна набавка, почитувајќи ги основните процедурални принципи, е брза, особено заради суспензивниот карактер на жалбата, односно неможност за извршување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка до донесувањето на одлуката од страна на Државната комисија.

Постапувањето на Државната комисија по изјавената жалба во постапките за доделување договор за јавна набавка, е транспарентна, односно учесниците во постапките во ниту еден момент да не се посомневаат во нејзината објективност и законитост. Тоа се постигнува преку овозможување увид во документацијата од предметите кои се во постапка, јавно објавување на примените жалби, детално образложение на сите причини за донесување одлуката и јавно објавување на решенијата на Државната комисија. Решенијата на Државната комисија подлежат на проверка пред Управниот суд на Република Македонија, а против пресудите на Управниот суд можна е и заштита пред вишиот управен суд.

### Мерки во однос на Државната комисија за жалби по јавни набавки

Државната комисија моментално работи со голем број на жалби изјавени во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Од 2012 година се зголемени нејзините надлежности.Претходно и беше доделена надлежност да одлучува по жалби во постапките за доделување на договори за концесии и јавно приватно партнерство, како и да одлучува за веќе склучени договори за јавни набавки во одредени случаи, согласно со Директивата за правна заштита 2007/66/ЕЗ.

Со цел ДКЖЈН да одлучува поефикасно и да може да реагира на предизвиците кои произлегуваат од новите надлежности, треба да се обезбеди следново:

*Зајакнување на капацитетите.* За да постои стабилен, соодветен и функционален систем на правна заштита, мора да се обезбеди неопходното знаење, материјални и човечки ресурси.

*Транспарентност на донесените одлуки.* Државната комисија имајќи предвид дека еден од најважните моменти кај правната заштита е сигурноста и владеењето на правото кое се обезбедува преку донесувањето на одлуки кои се конзистентни со претходно донесените. За таа цел неопходно е Државната комисија да изработи веб подржани алатки за пребарување на содржината на доснесеите решениеја и други одлуки, кои ќе овоможат брзо и лесно доаѓање до потребите информации на договорните органи и економските оператори. ДКЖЈН и понатаму ќе продолжи со објавување на кратки резимеа на своите одлуки кои редовно ќе ги објавува на својата веб - страница. Од самиот почеток на своето работење Државната комисија и Бирото за јавни набавки имале идентични ставови по однос на примента на законот, а таквата пракса треба да продолжи и во иднина. Тоа ќе овозможи и подобра координација на самата Комисија при одлужување по жалбите и поголема конзистентност на нејзините решенија.

## Мерки во однос на Управниот суд и Вишиот управен суд

*Специјализиран совет за предмети по јавни набавки.* Случаите кои се изнесени пред Управниот суд по член 230 од Законот за јавни набавки мора да бидат решени по итна постапка. Со ова се решава потребата од брзо решавање на споровите, но со оваа мерка не се решава проблемот на конзистентно донесување одлуки. Треба да се земе предвид дека за да се има конзистентност при одлучувањето, Управниот суд и Вишиот управен суд треба да продолжат да одржуваат специјализирани совети кои ќе одлучуваат за предмети по јавни набавки.

*Задолжително објавување на одлуките.* Како што постои обврска за ДКЖЈН да ги објавува сите свои одлуки на својата веб - страница, така и сите судски одлуки треба да бидат објавувани на веб страницата на ДКЖЈН. Тоа ги вклучува пресудите на Управниот суд и Вишиот управен суд. Најдобро решение би било кога ДКЖЈН ќе води единствен регистар на пристигнат и решени жалби од страна на ДКЖЈН, решени тужби пред Управниот суд и жалби до Вишиот управен суд. Овој регистар ќе биде достапен на веб страницата на ДКЖЈН, со што би се зголемила транспарентноста и конзистентноста на одлуките во постапките на правна заштита. Со ова ќе се подигне правната сигурност во системот за јавни набавки.

*Специјализирани обуки за судиите во Управниот суд и Вишиот управен суд.* Бирото во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, ќе организира специјализирани обуки за теми од областа на јавните набавки, за судиите што работат на предмети по јавни набавки во Управниот суд и Вишиот управен суд. Обуките ќе бидат практични и ќе се разгледуваат предмети по кои постојат различни мислења за натамошно постапување. Тоа треба да придонесе за

продлабочување на конзистентноста на судските одлуки и за подобра пракса во целост.

## *7. Мерки за спречување корупција*

Поимот на корупцијата често се сретнува во повеќе сфери од живеењето. При тоа, јавните набавки се идентификуваат како една од областите кои се најподложни на корупција. Таа во јавните набавки влијае врз ефикасноста на јавната потрошувачка и влијае врз квалитетот на услугите кои ги обезбедува јавниот сектор на граѓаните и можностите за подобрување на квалитетот на животот. Корупцијата исто така им штети на економските оператори со тоа што ги зголемува нивните трошоци и ја намалува конкурентноста на среден и долг рок. Со тоа, корупцијата ја нарушува деловната средина и вистинската конкуренција на пазарот.

Јавните набавки се главниот начин преку кој функционира државната власт и се трошат јавните средства. Во таа смисла договорите за јавни набавки се двигатели за имплементирање на јавните политики. Затоа спречувањето и контролирањето на корупцијата во јавните набавки е клучен фактор за подобрување на ефикасноста во јавните политики.

При разгледувањето на поимот на корупција и мерките за нејзиното спречување не треба да поаѓаме од прашањето дали постои корупција, а со тоа и корупција во јавните набавки, туку како истата да се сведе во некои нормални граници, бидејќи ниту една држава не е апсолутно имуна на оваа појава. Пореалистичен пристап би бил како да се формулираат мерки кои ефикасно ќе ги намалат можностите за коруптивни појави во сите случаи каде постои можност од донесување на одлуки на штета на јавниот интерес, а во корист на приватниот интерес на службените лица.

### Електронски систем за јавни набавки

Електронскиот систем за јавни набавки е местото каде што може да бидат пронајдени податоци за разоткривање на незаконски договарања при јавните набавки, разоткривање на затворени пазари и разоткривање на незаконски поделби. Државната комисија за спречување на корупција, Државната комисија за заштита на конкуренцијата, полицијата, Државното обвинителство и вработените во Бирото за јавни набавки треба да работат заедно за користење на оваа база на податоци.

### Клаузула за спречување корупција

Една од мерките за борба против корупцијата и подигнување на свеста на полето на јавните набавки е да се обврзе договорниот орган да внесе клаузула за спречување на корупција во секој договор склучен по завршувањето на постапката

за доделување договор за јавна набавка. Како последица, секој договор во кој одредено лице ветува, нуди или дава каква било незаконска предност кон претставник или агент од јавниот сектор ќе биде ништовен.

## Водичи

Државната комисија за спречување на корупцијата во соработка со БЈН треба да издаде водич за спречување на корупција и за спречување судир на интереси за договорните органи и како тие да доделуваат договори за јавни набавки на транспарентен, недискриминирачки начин, избегнувајќи судир на интереси.

# В - Заклучок

Земајќи предвид дека уделот на јавните расходи достигнува околу 12 проценти од БДП, државата се јавува како важен економски фактор. Нејзините дејствија, бројот и износот на паричните трансакции во огромна мера влијаат врз севкупните економски активности и општеството во целост. Со цел ваквото влијание да биде позитивно, интеракцијата меѓу државата и другите сектори треба да биде што е можно поефикасна и пофер. Овој документ пред сè се карактеризира со динамичност и флексибилност во поглед на нејзините цели и мерки, што е неопходно за да се земе предвид комплексноста на сите процеси кои се вклучени во системот за јавни набавки. Имено, важноста од законско уредување на полето на јавните набавки во Република Македонија го вклучува и процесот на усогласување на националното законодавство со преостанатиот дел од законодавството на ЕУ преку преземање мерки за нивно спроведување на сите нивоа, придружена од подигнување на свеста за тековните реформи и информирање на пошироката јавност за предвидените новини. Со целосното спроведување на приоритетите ќе се овозможи:

- реализација на основните начела на системот за јавни набавки: транспарентност, недискриминација, конкуренција и еднаквост во пристапот;
- подобрена конкурентност на пазарот на стоки, услуги и работи со договори кои се доделуваат од страна на државата, вклучувајќи и доделување концесии за работи и услуги и промовирање на модели на ЈПП;
- обука и едукација со цел унапредување на вештините и конкурентноста на вработените, со цел одржување мерлив напредок во спроведување на постапките за доделување договори за јавни набавки, доделување концесии и јавни - приватни партнерства на сите нивоа;
- употреба на нови технологии како поддршка за различните аспекти на јавните набавки (електронски јавни набавки);
- заемно прифаќање и пропорционалност со цел поттикнување на пазарна конкуренција;
- постигнување на соодветна правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, концесии и ЈПП.